Примено: 31.05.2018

02

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА 9

**Подносител – Име и презиме**

| |
|---|
| [redacted] |

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

| |
|---|
| Ул. [redacted] бр. [redacted], е-маил: [redacted]@yahoo.com |

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата** (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

| |
|---|
| **ТВ [redacted] од Скопје** |

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

| |
|---|
| **[redacted] 2018 година, време на емитување [redacted] часот** |

**Опис**

(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

На ТВ [redacted] во емисијата [redacted] од [redacted] 2018 година со наслов:

„[redacted]“ –

Имено во емисијата водителката [redacted] и нејзините гости убаво започнаа со анализа на добиените статистички показатели, па следуваше коментар на гостите и нивно видување на резултатите од анкетата спроведена на случајни 1.500 избраници. После анализата и коментарите на резултатите следуваше класичен говор на омраза и на дискриминација по професионална основа, каде што гостинот м-р [redacted] на очиглед на целата јавност употреби навредливи и погрдни зборови за јавната администрација во нашата држава - нарекувајќи ја истата МОНСТРУМ кој е создаден за на никого да не му служи и на никого да не му биде од корист.

На тој начин гостинот во емисијата изнесе тешки зборови со кои се повредува честа и достоинството на сите професионални административни службеници кои без оглед на сите општествени промени во државата чесно и послушно си ги исполнуваат своите работни задачи, даваат свој придонес кон функционирањето на државата и кон секојдневно остварување на уставните права на државјаните на Република Македонија.

Водителката со ништо не го спречи ваквото однесување, не се огради од исказот на гостинот и не даде никаков коментар со кој би се намалила штетата предизвикана од јавно искажаниот став.

**Датум и место на поднесување**

| |
|---|
| **31.05.2018 година Скопје** |

**Потпис на подносителот**

| |
|---|
| [redacted] |